Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 14 MAY 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 578/4 | | |

**До**
**Националната комисија за учебници при**
**Министерството за образование и наука**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Христина Рунчева Тасев за наставниот предмет по ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование врз основа на стручно вреднување на ракописи**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 27.4.2026 година, формиран е стручен тим за наставниот предмет **ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование**, со решение бр. 26578/1 од 6.5.2026 година. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, по електронски пат на 13.5.2025 година доставено е стручно вреднување на ракописи со број 26578/3, при што доставувам

**ИЗВЕШТАЈ**

**за наставниот предмет ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование**

На Конкурсот за учебници во основно образование 29.10.2025 година, за наставниот предмет **ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование** се пријавиле 3 ракописи со шифри 09, 010 и 011.

Стручниот тим во состав проф. д-р Ресуљ Хамити, проф. д-р Цане Котески и Ристо Грујовски откако внимателно ги разгледале ракописите дале НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ за ракописите со шифра 09 и 011.

Стручниот тим смета дека ракописот со шифра 010 претставува методички креативно и одлично наставно средство кое ги надминува рамките на традиционалното фактографско учење. Благодарение на аналитичкиот пристап и тематската релевантност, учебникот создава услови за квалитетна и функционална настава, овозможувајќи им на учениците суштински да ги разберат географските и општествените динамики. Содржинската релевантност, методичката обработка и организацијата на ракописот со шифра 010 во споредба со останатите два ракописа, значително се издвојува како квалитетен и исклучителен. Следствено на тоа, ракописот со шифра 010 се предлага ДА БИДЕ ОДОБРЕН КАКО УЧЕБНИК ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ГЕОГРАФИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно погоре изнесеното, имајќи го предвид мислењето на стручниот тим, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет **ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование** им предлагам **РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 010 ДА ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК И ДА ЈА ПРОДОЛЖИ ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИСТИОТ.**

Скопје, 14.5.2026 година

Известител,
Проф. д-р Христина Рунчева Тасев